РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 08-539/1
15.03 2022 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 39 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр.32/2020), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Сл. Гласник на општина М. Каменица бр. 20/19, 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 6-та седница одржана на ден 15.03.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко проектна документација на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2022 година**

**Член 1**

Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко проектна документација на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2022 година заведена под бр. 08-2059/1 од 30.12.2021 година („Сл. Гласник на општина Македонска Каменица" бр.03/2021) се дополнува така што :

Точка 2.Урбанистички планови за села се дополнува со точка четири која гласи:

4. Измена и дополна на УП за с.Саса маала Тураница, комплекс на рудник Саса, општина Македонска Каменица .

Делот II Урбанистичко проектна документација Точка 1 Урбанистички проекти се дополнува со точка 6 која гласи:

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.4 од УП за с.Саса маала Тураница, комплекс на рудник Саса, општина Македонска Каменица.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Совет на општина М. Каменица**
**Претседател**
**Љупчо Трајановски**